**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за сообраќај**

ПРЕТСТАВНИК**:** **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Сектор за сообраќај**

**П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**

за изменување на Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ Скопје за 2025 година

Скопје, јули 2025 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) и член 8-б од Законот за јавните претпријатија ( „Службен весник на Република Македонија“, бр.38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18; 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24 ) Советот на Град Скопје на ________ седница, одржана на ______, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ - Скопје за 2025 година**

**Член 1**

Во Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ – Скопје за 2025 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/24 ), во член 1 став 1 алинеја 2, износот од „600.000.000,00 денари“ се заменува со износ од „750.000.000,00 денари“.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени со Буџетот на Град Скопје за 2025 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __ – _______

2025 година

С О В Е Т Н А
Г Р А Д С К О П Ј Е

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Правен основ за донесување на измената на Одлуката е член 36 од Законот за локална самоуправа, каде е наведена надлежноста на Советот на Град Скопје за донесување на одлуката. Исто така согласно на член 8-б, од Законот за јавните претпријатија, јавните претпријатија основани од страна на Градот Скопје, можат да добиваат финансиска помош, т.е. одредени финансиски поволности од страна на основачот.

ЈСП – Скопје во изминативе години се соочува со потешкотии во работењето предизвикани пред се од ненаплатени побарувања за покривање на дел од трошоците за бесплатен превоз на редовните студенти од државните универзитети. Претпријатието и покрај проблемите со кои се соочува непрекинато овозможува бесплатен превоз на редовните студенти од државните универзитети, иако од страна на Владата не се исплатени трошоците за бесплатен превоз на студенти за повеќе академски години. И покрај големиот број на барања, информации и ургенции доставени од страна на Град Скопје и од страна на ЈСП Скопје до надлежните институции долгот кој изнесува 8 милиони евра не е исплатен.

Со оваа одлука за изменување на Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје" Скопје за 2025 година, се бара зголемување на средствата и се врши усогласување со Буџетот на Град Скопје за 2025 година („Службен гласник на Град Скопје" бр.16/24 ).

Поради горенаведеното, а во насока на подобрување на транспортната услуга на граѓаните на подрачјето на градот Скопје како и непречено одвивање на јавниот превоз се предлага измена на предметната одлука односно на средствата за цели како што е наведено во диспозитивот.

Се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за изменување на Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје" – Скопје за 2025 година.